Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10,51/11, 123/12, 164/12, 93/13, 163/13, 42/14, 44/15, 192/15, 39/16, 99/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.89/22), Министерството за транспорт и врски, на ден __.__.2022 година, донесе

**Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Државна урбанистичка планска документација (ДУПД) за поставување на фотоволтаични панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште со класа на намена Е2-комунална супраструктура на дел од КП 339/1 КО Чашка, општина Чашка, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Чашка, www.caska.gov.mk

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Државна урбанистичка планска документација (ДУПД) за поставување на фотоволтаични панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште со класа на намена Е2-комунална супраструктура на дел од КП 339/1 КО Чашка, општина Чашка, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Планскиот документ кој се донесува има за цел рационално користење на земјиштето, се дефинира и оформува градежна парцела за градба од втора категорија утврдена со Законот за градење-фотоволтаични панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште. Намените и компатибилните намени се согласно Правилникот за стандарди и нормативи на урбанистичко планирање. Со правилно планирање и проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна фаза нема да претставува значителен товар врз животната средина.

4. Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 21-6548/1
Датум: 05.12.2022
Место: Скопје

Министер
Благој Бочварски